ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **08.06.2020 година** во 08:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на Одделение за општи и правни работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за јавни дејности ,економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски** Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска**,Раководител на испекциски надзор **Бранко Велиновски** , Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

-Тековни активности

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

- Од страна на Раководителот на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Да се види со Секретаријатот на Влада на РСМ за поставување на знаме на јарболот кај населба Баглак.

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

-Од страна на Раководителот на Одделение за финансиски прашања беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Од Одделение за урбанизам да биде доставен список на бесправно изградени објекти на Емил Денчевски за да направи распоред на предметите за проценка за данок на имот по проценители.

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

- Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се види со фирмата Мелтон за поставување на метални скали за влегување во дворот на училиштето каде ќе бидат сместени реквизитите остранети од паркот.

-Да се направи увид заедно со ЈП Комуналец во врска со проблемот со канализација позади Баглак.

-Да се изготви Барање за јавна набавка за надзор на објекти и да се достави до Биљана Тасевска.

-Да се види за поставување на рекламни паноа на бандери за улучно осветлување (Антонио Давитковски).

-Со фирмата Параметар –Скопје да се обезбеди согласност за поместување на Мини голф терен кај Спортскиот комплекс.

-Да се види за одобрение за секундарна мрежа во с.Луке.

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се продолжи во Е-Урбанизам за секундарна мрежа во с.Луке.

-Да се исконтактира диреторката на СОУ Ѓорче Петров за обезбедување на техничка документација за поставување на настрешница во функција на објект.

-Да се достави опфат на урбани заедници.

-Тековни активности

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Од Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Во текот на неделата Елена Христовска да направи средба со претставници од Министерство за труд и социјална политика во врска со изготвување на социјална карта.

-Информација да се објави на веб страната во врска со стопирање на Грантови на невладини организации поради пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19.

-Да се направат панорамски фотографии од сите збратимени градови и истите да бидат излепени на информативниот терминал поставен пред ООУ Јоаким Крчовски (Партизан).

-Тековни активности

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се потпише Правилник за користење на работно време на Општина Крива Паланка.

-До Антикорупциска комисија да се доставаат обрасци за разрешување и именување на членови со донесени решенија на последната седница на совет.

-Да се види во врска со Правилникот за плати на пожарникарите.

-Тековни активности

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Раководителот на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- По доставеното барање од Никола Граматиков да се распише јавна набавка за надзор на објекти.

-Тековни активности околу јавните набавки.

**Одделение за инспекциски надзор**

- Од страна на Раководителот за Одделение за испекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се спроведе акција за заловување на бездомни кучиња на улица „Св. Јоаким Осоговски", населба Единство, Бавчалк и улица „Никола Тесла".

-Комуналните редари да бидат поактивни на терен бидејќи има узурпација на јавни површини.

-Контрола од комуналните редари на неуредените јавни површини со цел спречување на настанување на депонии.

-Да се види за дежурство од страна на комуналните редари во попладневните часови и за време на викенд со цел контрола на Спортско рекреативниот центар (спречување на возење на велосипеди по атлетската патека).

-Да продолжи постапката од страна на градежниот испектор за извршност на решението за отстранување на објекти на улица „Калин Камен“.

-Да се изготви решение за отстранување на депонираниот отпад во Калин Камен.

-Да се види до каде се границите на заштитеното подрачје на Калин Камен и кои мерки треба да се преземат.

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се спроведе дезинфекција на улица „Свети Јоаким Осоговски’’.

-Да се спроведе миење на споредните улици.

-Да се предложи лице за примопредавање на водовод во Мала Стублица, с.Конопница.

-Да се интензивира градежната работа на калдрмата на улица „Момир Стојановски“.

-Да се интензивираат работите за покривање на дел од пазарот во договор со фирмата Мелтон.

-Да се постават табли за забрана за возење на велосипеди, ролери и друго на атлетската патека.

-Да се види со директорот на ООУ Јоаким Крчовски околу поставување на видео надзор за спортските терени во речното корито спроти училиштето како и да се пушти неколку работници за отстранување на риквизитите од Градскиот парк и истите да се постават во дворот на училиштето.

-Да се заврши со оградување на игралиштето околу спортсиот рекреативен центар.

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Да се постави билбордот кај мотелот во текот на неделата .

-Да се направи настан за промоција на страната visitkrivapalanka.com заедно во координација со фондацијата „Со Срце за Крива Паланка’’ и Ирена Белешковска до 15 јуни.

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

- Работен состанок на ден 09.06.2020 година во Кабинетот на Градоначалникот во врска со подземната ифраструктура на Градскиот плоштад.
- Работен состанок на ден 09.06.2020 година во Мала сала во врска со подземната инфраструктура на Градскиот плоштад.
- Предметите за експропријација да бидат распределени на Мартин Николовски, Јаготка Николовска и Игор Додевски и да се отпочне со нивно решавање.
- Претседателот на комисија за отуѓување на градежно земјиште на РСМ, Тања Георгиевска да продолжи со постапката за отуѓување на катастарските парцели кои се предвидени со Програма за работа во областа на располагање на градежно земјиште во РСМ на територијата на општина Крива Паланка.

**08.06.2020 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**